Архивски број: 0801-261/7

Датум: 13. 8. 2021 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи по претставката заведена под број 0801-261/1 од 26.08.2019, поднесена од [redacted] од Делчево, за заштита од дискриминација и вознемирување на работно место по основ на личен и општествен статус против Министерство за внатрешни работи, врз снова на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/20), на 13.08.2021 го донесе следниов

**Заклучок за запирање на постапката**

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 47 и член 24 став 7 од ЗСЗД, на 25.05.2021 достави Известување до МВР бр. 0801-261/2, во кое побара да се произнесат по наводите содржани во претставката од [redacted] против нив.

На 21.06.2021, МВР достави допис до Комисијата, заведен во архивата на КСЗД под број 0801-261//3, во кој ги отфрли наводите на [redacted] дека бил дискриминиран и вознемируван на работното место.

На 09.07.2021, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Известување-дополнување на претставката до [redacted], во кое побара подносителот да достави дополнителни документи поврзани со наводите во неговата претставка.

На 22.07.2021, Комисијата испрати Ургенција до МВР, заведена под бр.0801-261/5 и побара дополнителни одговори од Министерството во врска со претставката.

На 12.08.2021 година, на службената електронската пошта на КСЗД – contact@kszd.mk, пристигна барање за запирање на постапката за заштита од дискриминација од страна на подносителот – [redacted] пратено од неговата лична електронска адреса – [redacted]@gmail.com, со образложение дека во изминатиот период се промениле извесни околности наведени во претставката.

Согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи Заклучок за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.

Скопје 13.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи- ул. Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје